# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 23/2024
## 29.11.2024 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2024 година**

Се објавува **Програма за измена и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2024 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **28.11.2024** година.

**Бр.09- 1035/1**
**29.11.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 95 став 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ “ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на РСМ ” бр. 275/19 и 224/24), Закон за градење („Службен весник на РМ “ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11 ... 168/18 и „Службен весник на РСМ “ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24 и 224/24) , член 14 став 4 од Законот за јавните патишта „Службен весник на РМ “ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, ... 163/16 и „Службен весник на РСМ “ бр.174/21, 253/23 и 224/24),член 12 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на РМ “ бр. 95/2012, 163/2013...... 31/2016 и 64/2018 и Службен весник на РСМ бр.302/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24 ) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино („ Сл. Гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **28.11.2024** година ја донесе следната:

## П Р О Г Р А М А
## За изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2024 година

### Член 1

Во Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2024 година се вршат следните измени:

Во потпрограма Ф2 се додава изработка на техничка документација за изработка на основен проект со ревизија за пешачка улица која што е крак на улица 8 Ноември, согласно ДУП за урбана единица 5, дел од блок 17.

Во потпрограма Ф2 се додава изработка на техничка документација за изработка на основен проект за реконструкција на тротоари на Индустриска.

Во потпрограма Ф2 се додава изработка на техничка документација за изработка на основен проект со целосна комунална инфраструктура за реконструкција на улица 12те Ваташки другари.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр.08-1011/4**
**28.11.2024 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Сл.весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Неготино**

Се објавува **Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **28.11.2024** година.

**Бр.09- 1035/2**
**29.11.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02 „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24 ),член 80 аод Законот за градење („ Службен весник на РМ “ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на РСМ “ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24 и 224/24 ) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **28.11.2024** година ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А

## За изменување и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино

### Член 1

Во Програмата бр.08-440/11 од 16.06.2023 година за поставување урбана опрема на територијата на општина Неготино се вршат следните измени:

1. **Текстуален дел:**
   Дополнување на точка:

**Тезги**

Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори во градот.

Тезгите се изнајмуваат за продажба на:

1. Греено вино
2. Храна
3. Печени костени
4. Крофни и палачинки
5. Кафе и топли напитоци
6. Новогодишни пакетчиња
7. Новогодишни честитки
8. Сувенири и ракотворби
9. Детски играчки
10. Фотографија

Локациите за поставување на ово вид на урбана опрема се следниве:
-Плоштад на град Неготино во период на одржување на јавни манифестации, настани и празници.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино“.

**Графички дел:**

Со оваа програма се уредуваат видовите на урбана опрема и локалитетите на кои може да се поставува урбаната опрема. Програмата содржи текстуален и графички дел.



Тарифа за наплаќање на комуналнита според Закон за комунални такси ("Службен Весник на РМ " бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15 , 192/15 , 23/16 и Службен Весник на РСМ бр.151/21). Тарифата за наплаќање на комунална такса се определува со Одлука на Советот на општина Неготино. Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за издавање на одобрение за вршење на дејност и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општина Неготино.

**За поставување на Урбана опрема со приклучок на електрична енергија, покрај комунални такси ќе се наплатуваат и трошоци, освен доколку целта за поставување на урбаната опрема е од хуманитарен карактер.**

Висинината на трошоците се утвдува во вредност од 700,00 денари на ден.

**бр.08-1011/5**
**29.11.2024 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2024 година**

Се објавува **Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2024 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **29.11.2024** година.

**Бр.09- 1035/3**
**29.11.2024 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за Локална самоуправа („ Службен весник на РМ “ бр.5/02 и („ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 34 од Законот за Буџети („ Службен весник на РМ “ бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „ Службен весник на РСМ “ бр.244/19, 53/21, 77/21 , 151/21,173/22 и 170/24) Советот на Општина Неготино седницата одржана на **28.11.2024** година ја донесе следната

# О Д Л У К А

## За проширување на средствата на Буџетот на Општина Неготино за 2024 година

### Член 1

Со оваа одлука се прошируваат средствата на Буџетот на Општина Неготино за 2024 година на следниот начин :

| Потставка потпрограма | самофинан. | дотации | донации | кредити |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните подставки : | | | | |
| **А00 Совет на општина** | | | | |
| 742114 Приходи од Европска унија | 0 | 0 | 170.000 | 0 |
| | **0** | **0** | **170.000** | **0** |
| И се распоредуваат на следните расходни подставки : | | | | |
| **N10 Основно образование** | | | | |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 170.000 | 0 |
| | **0** | **0** | **170.000** | **0** |

**бр.08-1011/6**
**29.11.2024 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р.**

# СОДРЖИНА


## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 23/2024

1. Заклучок за усвојување на **Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2024 година**

2. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2024 година**

3. Заклучок за усвојување на **Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Неготино**

4. **Програма за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Неготино**

5. Заклучок за усвојување на **Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2024 година**

6. **Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Неготино за 2024 година**